Врз основа на член 53 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04 и 49/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.11.2005 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА НАЧИНОТ НА ПРИМЕНУВАЊЕТО НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ПРИ ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ И НАСЕЛБИТЕ, ВО ПРОЕКТИТЕ И ПРИ ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИТЕ, КАКО И УЧЕСТВО ВО ТЕХНИЧКИОТ ПРЕГЛЕД

Член 1

Со оваа уредба се уредува начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед на изградените објекти.

Член 2

Изработката на Просторниот план на Републиката и неговата разработка со плановите на пониско ниво, просторен план на регион и просторен план за подрачја од посебен интерес за Републиката, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување, се врши врз основа на Процената на загрозеност од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи.

Член 3

Изработката на генералниот урбанистички план во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на Процената на загрозеност на опфатот на кој се однесува генералниот урбанистички план.

Член 4

Изработката на деталниот урбанистички план и урбанистичкиот проект, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на Процената на загрозеност на опфатот на кој се однесува деталниот урбанистички план односно урбанистички проект.

Член 5

Изработката на урбанистичкиот план за село, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на Процената на загрозеност на опфатот на кој се однесува урбанистичкиот план за село.

Член 6

Изработката на урбанистички план вон населено место, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на Процената на загрозеност на опфатот на кој се однесува урбанистичкиот план вон населено место.

Член 7

При изработката на проектите и при изградбата на објектите  мерките за заштита и спасување се применуваат врз основа на нормативите и стандардите за системот за заштита и спасување и стандардите и нормативите за уредување на просторот.

Член 8

Претставниците од Дирекцијата за заштита и спасување кои учествуваат во Комисијата за технички преглед на изградените објекти вршат увид во објектот и констатираат дали се применети нормативите и стандардите за системот за заштита и спасување согласно одобрената проектна документација на објектот.

Член 9

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 19-4184/1
29 ноември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.